ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1103-176/11**

**Дата: 20.08.2009**

**До**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ “ ц.о. Скопје**

**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат” ц.о. Скопје, (во понатамошниот текст “Македонијапат ”) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 18 до 21.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на “Македонијапат” за 2002 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
    - Идриз Цека - директор од 24.10.2006 до 29.08.2008 година ,
    - Марјан Крстевски - ВД директор од 30.08. до 24.10.2008 година и
    - Братислав Митиќ – директор од 25.10. 2008 година до денот на ревизијата

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 17 да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 02.03. до 04.06.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на органот за управување и законскиот застапник на Јавното претпријатие, добиени се забелешки и известување за превземени мерки по дадените препораки на точките 10.2.2.; 10.2.3.; 10.3.2.; 10.3.3.; 10.5.1. и 10.5.2. од Претходниот извештај, заведени под број 03-410/1 и 03-410/2 од 31.07.2009 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

***Стратегија за управување со ризици***

11.1.1. Надлежните органи за раководење со претпријатието во 2008 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат што не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење во правните следбеници на претпријатието да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

**Процес на јавни набавки**

11.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за јавни набавки. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење во правните следбеници на претпријатието да пристапат кон пропишување, и донесување на интерни акти во согласност со наведените закони кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

## 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Собранието на Република Македонија во текот на 1989 година донесува Одлука за основање на Јавното претпријатие “Македонијапат“- Скопје без притоа да се наведе износот на средствата/ оснивачкиот влог за основање. Во текот на 1999 година со Решение Трег.број 7120/98 од 22.01.1999 година извршено е усогласување со Законот за јавни претпријатија при што повторно не е утврден основачкиот влог. Утврдувањето на основачкиот влог не е извршено до денот на ревизијата и воедно не е извршено запишување на Подружниците ( Автопат, Скопје, Битола, Штип и Велес) во соодветниот регистар. Ваквата состојба не е во согласност со Статутот на претпријатието, Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаниот Државен јавен капитал во износ од 784.214 илјади денари и достапност на правно релевантните податоци за претпријатието. Поради извршеното обелоденување на активностите содржани во точка 14.1. од овој Извештај и статусните промени на претпријатието, овластениот државен ревизор не дава препорака.

11.2.2. Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието не обезбедиле согласност од Владата на РМ за годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието како за 2008 така и за претходните години и актот за употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието. Исто така Управниот одбор за годините 2007 и 2008 не донел акт за покривање на загубите искажани со работењето на претпријатието. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за јавните претпријатија и Законот за трговските друштва и има за ефект оневозможување на правата на основачот и превземање на мерки за отстранување на неповолната економска состојба на претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за управување на правните следбеници на претпријатието да превземат активности за навремено и редовно донесување на погоренаведените акти и нивно доставување до надлежните органи.

11.2.3. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на пресметување и плаќање на платите и надоместоците ревизијата констатира одредени состојби кои укажуваат на недоследно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- Правилникот за систематизација на работни места не содржи податоци за потребниот број на вработени/извршители на определено работно место и потребните години на работно искуство кое вработените треба да го посетуваат при засновање на работниот однос.
- Правилникот за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци содржи коефициенти за сложеност на трудот искажани во бодови, така што бодовите се дадени од прва до осма група и за секое работно место не се конкретно определени туку се движат во интервал од до;

Непревземање на активности за уредување на погоренаведените состојби предизвикува можност за несоодветно организирање и искористување на работната сила и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила и утврдување на платите на вработените од страна на надлежните органи**.**

**Препорака**

Надлежните органи за управување на правните следбеници на претпријатието да превземат активности за пропишување и донесување интерните акти со кои се уредуваат погоренаведените состојби.

11.2.4. Согласно одредбите на претходниот Закон за јавните патишта кој е во сила до 04.08.2008 година Фондот за магистрални и регионални патишта и "Македонијапат" имаат обврска да склучат Договор за наплата на посебен надоместок за користење на автопатот во Република Македонија за секоја година поодделно. Со стапување на сила на новиот Закон за државни патишта постоечките договори кои се однесуваат за известувачкиот период се продолжуваат и имаат важност до истекот на рокот за кој се склучени, со можност за нивно продолжување за уште една година со Јавното претпријатие или со неговиот правен следбеник односно активностите што ги извршува "Македонијапат" во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта. Со одредбите на договорот се прецизирани правата и обврските на нарачателот на работите и извршителот на работите и тоа:

- наплатените парични средства, средствата остварени по основ на претплата и другите средства, извршителот секојдневно ќе ги уплатува на сметката на нарачателот;

- извршителот се обврзува да организира контрола на работата на инкасантите и извршување на одреден број на контроли во текот на месецот;
- за наплатените парични средства извршителот се обврзува евиденцијата да ја доставува до нарачателот еднаш неделно, а евиденцијата за извршените контроли да ја доставува еднаш месечно;
- нарачателот има право самостојно во секое време да изврши контрола на работењето на наплатната служба и увид во исправноста на наплатните објекти и опремата.
- доколку не се води или неажурно се води евиденција утврдена со член 7 и член 10 од Договорот и истите не се доставуваат во роковите утврдени во член 11 како и останатите обврски согласно Договорот, Нарачателот има право да намали 5% од пресметковната вредност на месечната ситуација.

И покрај дефинираните права и обврски на нарачателот и извршителот во изминатите години ниту нарачателот ниту извршителот превземале мерки за почитување на одредбите од договорот, односно извршителот не вршел доволен број на контроли, а нарачателот за 2007 и 2008 година и покрај обврската согласно договорот да ја намали ситуацијата за 5% за непочитување на обврските од договорот, ги намалил само ситуациите за јули и септември месец 2007 година и септември, октомври и ноември месец 2008 година. Ваквата состојба има влијание на законското и наменското користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи на правниот следбеник на претпријатието Акционерско друштво за услуги на патиштата "Македонијапат - услуги"- Скопје, да пропишат политики, да воспостават систем на внатрешни контроли и да обезбедат доследно почитување на утврдените права и обврски во процесот на наплата на посебен надоместок за користење на автопатот.

11.2.5. Организацијата на работа на наплатната служба, работата и работните задачи на работниците на наплатните станици, обработка и чување на документи и парични средства, инвентарот и вршење на контрола на наплатувачите е регулирано со Правилникот за работа на Наплатната служба заведен под број 01-410 од 02.06.1999 година и неговите измени заведени под број 02-111/5 од 26.02. 2002 година и број 02- 150/4-3 од 27.02.2003 година. Имајќи ги во предвид состојбите на поминати возила и наплатени средства на наплатните станици во текот на 2005, 2006, 2007 и 2008 година, односно состојбите пред превземените активности од надлежните органи и по превземените активности (графикон број ..), вклучувајќи го и Годишниот извештај за 2008 година од државните инспектори по патишта за патарините (во кој се констатирани состојби на неплаќање на надоместокот за патарина) констатирана е несигурност во целокупноста на вкупните наплатени и уплатени средства на име надоместок за патарина. Ова има влијание на расположливите финансиските средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта во чие финансирање учествува и патарината.




**Препорака**

Надлежните органи да превземат активности за интензивирање на контролните активности и воспостават систем на наплата во кој влијанието на човечкиот фактор ќе се сведе на минимум.

## 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Не се превземени активности за доследно применување на донесените сметководствени политики за начинот на признавање и вредносно усогласување на краткорочните побарувања во финансиските извештаи, што не е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план. Непревземањето на потребните активности за примена на наведените политики предизвикува “Македонијапат“ за тужените/сомнителните и спорни побарувања во вкупен износ од 105.110 илјади денари (Прилог број 4) да не превземе активности за нивно соодветно евидентирање/вредносно усогласување, кое има за ефект, нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста  и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите.

**Препораки:**

Вработените задолжени за водење на трговските книги да обезбедат доследно почитување на пропишаните сметководствени политики вршејќи редовно вредносно усогласување и во координација со пописната комисија предложат на надлежните органи за управување и раководење да донесат акт за постапување со сомнителните и спорните побарувања.

Надлежните органи за управување на правните следбеници на претпријатието да пропишат политики за начинот на користење на финансиско обезбедување на побарувањата и обезбедат нивно имплементирање преку склучување на договори за финансиско обезбедување.

11.3.2. На позициите Купувачи во земјата, Обврски спрема добавувачи за обртни средства, Обврски за примени аванси од купувачи и дадени аванси за суровини и материјали во Билансот на состојба искажани се купувачи во земјата во износ од 24.207 илјади денари, обврски спрема добавувачи за обртни средства во износ од 7.603 илјади денари, обврски за примени аванси од купувачи во износ од 38 илјади денари и дадени аванси за суровини и материјали во износ од 3.637 илјади денари кои потекнуваат од поранешни години, истите се застарени и не се превземени навремено соодветни активности за нивна наплата-плаќање односно отпишување што не е во согласност со Законот за облигационите односи. Непревземањето на активности за навремена наплата/плаќање, раскнижување/отпишување, на наведените позиции предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции и можност од нанесување штети на претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на правните следбеници на претпријатието да ги задолжат соодветните служби да извршат усогласување со правните субјекти, да ја утврдат фактичката состојба и предложат соодветен акт за постапување до надлежните органи.

11.3.3. Со извршеното усогласување на побарувањата помеѓу “Македонијапат“ и Агенцијата за државни патишта констатирани се разлики во висината на побарувањата што “Македонијапат“ ги има од Агенцијата за државни патишта за износ од 9.858 илјади денари, имено која произлегува од доставена корегирана завршна ситуација до Агенцијата за 2005 година, односно се врши корекција на претходно изработена завршна ситуација која не е одраз на извршените работи. Со извршениот попис за 2006 година од страна на пописната комисија предложено е ова побарување како неосновано да се отпише, меѓутоа Управниот одбор не го прифатил ваквиот предлог. Евидентирање на побарувања врз основа на неверодостојна документација не е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди и Законот за трговски друштва. Непревземањето на активности за навремено раскнижување-отпишување на наведените позиции предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции.

**Препорака:**

Надлежните органи на “Македонијапат“ да превземат активности за расчистување на нереалното побарување од Агенцијата за државни патишта и органот на управување да донесе соодветен акт за реално и објективно прикажување на истите.

11.3.4. “Македонијапат“ нема спроведено мерки и активности за пропишување на сметководствени политики за евидентирање на трошокот за камати по судски спорови за кои се потпишани Спогодби за плаќање на рати, трошокот и обврската за персонален данок во моментот на настанување на обврските, за исплата на надоместоци на членовите на Управен Одбор и Одбор на контрола за материјално и финансиско работење и исплата на паричен надоместок за користење на сопствени мобилни телефони на членовите на Управен Одбор и Одбор на контрола за материјално и финансиско работење. Горенаведените трошоци и обврски за истите се евидентираат во моментот на исплата на истите. Ваквата начин на евидентирање на трошоците и обврските по истите го отежнува потврдувањето на трошокот за истите и оневозможува утврдување на заостанатите обврските за гореспоменатите трошоци, истовремено влијае на веродостојноста и релевантноста на податоците во финансиските извештаи, што не е во согласност со МСС, Законот за трговски друштва, Законот за персонален данок и точка 22 и 94 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиски извештаи од Правилникот за сметководство.

**Препорака:**

Да се превземат активности и пропишат соодветни политики кои ќе овозможат соодветно пресметување и искажување на трошоците/обврските во моментот на нивното настанување.

11.3.5. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 48 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 19 одговори, што претставува 40% од вкупно испратените, од кои 10 се потврдени односно 53% од пристигнатите а 9 не се потврдени односно 47%, додека 29 воопшто не одговорија што претставува 60% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одѕив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со правните следбеници на претпријатието да пропишат политики и обезбедат нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (комитентите), заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

## 11.4. Неправилности во искажување на податоците во Билансот на состојба

11.4.1. “Македонијапат“ во трговските книги има искажано материјални средства (земјиште и градежни објекти) чија сегашна вредност со

состојба 31.12.2008 година изнесува 125.603 илјади денари, за кои не ни е презентирана целосна и веродостојна документација со која се докажува дека е извршен уписот во катастарот за недвижности за стекнување на сопственоста и другите стварни права. Од доставените имотни листи/поседовни листи/копии од катастарски планови на кои "Македонијапат" се јавува како корисник на објекти/земјиште не можевме да се увериме во тоа дали истите истовремено се евидентирани во трговските книги поради неусогласеност во начинот на прикажување на податоците за градежните објекти во сметководствената евиденција на "Македонијапат" и на Агенција за Катастар за недвижности. По барање на Владата на РМ , "Македонијапат" до Влада на РМ има доставено Преглед на фактичка состојба на градежни објекти кои ги користи од кој утврдено е дека дел од објектите се водат на РМ а "Македонијапат" се јавува како корисник, но во исто време постојат и објекти кои не се водат во катастарската евиденција. Ваквата состојба предизвикува нереално и необјективно прикажување на позицијата материјални средства во Билансот на состојба што не е во согласност со МСС и Законот за трговски друштва.

Во текот на 2009 година донесен е Законот за трансформација на ЈП за одржување за магистрални и регионални патишта "Македонијапат" Скопје при што следи статусна промена поделба на постојното претпријатие на два субјекти во државна сопственост поради што ќе изготви план на поделба и утврдување на проценетата вредност на капиталот со метод корегирана книговодствена вредност со состојба 31.12.2008 година. Поради проценката на имотот која следи од независен проценител овластениот државен ревизор во овој дел од утврдената состојба не дава препорака.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на правните следбеници на претпријатието во соработка со основачот да продолжат со активности за впишување на правото на сопственост/користење во катастарот за недвижности за стекнување на сопственоста и другите стварни права.

### 11.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.5.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби врз основа на кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- Воспоставена е пракса на доделување на повеќе договори за јавни набавки склучени со повеќе избрани добавувачи од спроведени постапки за јавни набавки;
- Во одредени Одлуки за јавна набавка не се наведени износите потребни за реализација на договорот;
- Вкупните износи на склучените договори од одредени спроведени постапки за јавни набавки е поголем од обезбедениот и испланиран износ за конкретната јавна набавка наведен во Одлуката за јавна набавка;
- Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се

составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка;

- Не се доставува Известување за секој склучен договор за јавна набавка во рок од 30 дена по спроведување на отворената постапка заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни набавки;
- Содржината на тендерската документација не содржи модел на договор и образец за начинот на пополнување на фактурата;

Непревземањето на активности за уредување на процесот на јавни набавки создава можности за ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите. Менаџментот на претпријатието на ревизијата презентираше дел од тендерската документација за јавните набавки во 2009 година од кој може да се констатира дека дел од утврдените состојби се надминати.

11.5.2. “Македонијапат“ во известувачкиот период извршило набавки на стоки, услуги и работи, при што во набавките во износ од 35.865 илјади денари констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа:

- за извршените набавки во износ од 32.774 илјади денари не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки (преглед број 1 и 3), и
- за извршените набавки во износ од 3.091 илјада денари не е спроведена постапка за јавна набавка (Преглед број 2).

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки, услуги и работи, предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи на раководење на “Македонијапат“ да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки.

11.5.3. Извршивме оценка на интерни контроли на системот на набавки и плаќања при што констатиравме дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), односно отсуство на целосно потврдување/одобрување на извршените набавки, несоодветно/погрешно повикување на договори од претходни периоди чија важност престанала да постои, не повикување на основот/договорот од кој произлегува настанатиот должничко-доверителен однос и изготвување на соодветната фактура, отсуство на следење на реализацијата, отсуство на следење на валутата/рок на плаќање, отсуство на уредување на начинот на плаќање со доверителите (и покрај тешката економска состојба во најголемиот дел од договорите како рок на плаќање е 15-60 дена при што има состојби да не се врши плаќањето во целиот известувачки период). Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за облигационите односи и влијае на зголемување на

ризикот од законско користење на средствата, континуирано зголемување и одлевање на средства на име камати и процесни трошоци по судски постапки (во известувачкиот период 108.286 илјади денари што преставува 11% од вкупните расходи и покачување во споредба од претходниот известувачки период за 210%) и намалување на приходите на претпријатието, односно:

- "Македонијапат" во своето работење континуирано се соочува со плаќања на парични средства по основ на правосилност и извршност на правосилни судски одлуки за неизмирени и ненавремено измирени обврски спрема добавувачите, како и надомест на штети на правни и физички лица што им биле причинети како корисници на патиштата. Со ревизијата е констатирано дека започнувајќи од 2002 година заклучно со 31.12.2008 година по Извршни судски решенија на име причинети штети на патот, камати за неплатени и ненавремено платени обврски спрема добавувачите и извршни и процесни трошоци платени се средства во износ од 297.676 илјади денари, а до денот на ревизијата овој износ изнесува 349.587 илјади денари. Според евиденцијата што ја има Секторот за правни работи за судските спорови кои се во тек за причинети штети на патот обврската по тужбените барања изнесува 151.397 денари и за ненавремено платени обврски спрема добавувачите обврската е 79.794 илјади денари или вкупно 231.191 илјади денари основен долг неземајќи ги во предвид каматите што ќе бидат пресметани, како и процесните и извршните трошоци по истите. Одлевање на парични средства по овој основ предизвикува неможност за одржување на солвентноста и ликвидноста на претпријатието, што има за последица ненавремено измирување на обврските, а со тоа и отворање на нови судски спорови во кои "Македонијапат" е тужена страна.




- „Македонија пат“ е тужена од повеќе правни лица и истите наплатиле средства на име основен долг, затезна камата и други процесни трошоци. Ревизијата констатира состојби во кои и покрај ваквата состојба во текот на известувачкиот период е продолжена деловната соработка со 94 правни субјекти без притоа да се превземат активности за уредување на меѓусебните должничко-доверителски односи и намалување на трошоците на претпријатието на име камати и други процесни трошоци.
  Менаџментот на претпријатието во текот на 2009 година превзема активности за уредување на начинот на одложено плаќање на неплатените обврски (склучени 10 протоколи), но поради неповолната ликвидност и солвентност на претпријатието и вака уредените обврски претпријатието не е во состојба да ги почитува утврдените рокови за подмирување на неплатените обврски.

- Ненавремената набавка на потребните материјали и намалување на обемот на производство на асфалтна маса за 63 % во однос на претходниот период (2007 година), односно за 84,05 % споредно со 2005 година, предизвикува намалување на обемот на извршените активности, намалување на вкупните приходи на претпријатието како во однос на планираните приходи ( за износ од 330.178 илјади денари) така и во однос на остварените приходи од претходниот известувачки период (за износ од 33.524 илјади денари), а пред се намалување на приходите од Агенцијата за државни патишта и приходите од трети лица (Единиците на локалната самоуправа и други правни лица) и зголемување на остварениот негативен (загуба) финансиски резултат од работењето на претпријатието.

11.5.4. По оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.01/2008 за набавка на битумен склучени се два договори и тоа:

- Договор бр.03-93/9 од 15.05.2008 со економски оператор/добавувач и тоа 2,000 тони албански битумен x 18.995 денари и 1,500 тони грчки битумен БИТ – 50/70 x 20.950 денари или вкупна вредност на договорот од 81.910 илјади денари.

- Договор бр.03-93/10 од 15.05.2008 со економски оператор/добавувач 1,000 тони албански битумен БИТ – 50/70 x 18.910 денари или вкупна вредност на договорот од 22,313 илјади денари.

Според Напомената во член 3 од договорите единечната цена на битуменот се однесува за ден 01.04.2008 година согласно Оглас за доделување на договор за јавна набавка при што цената на битуменот е берзанска и ќе се променува со промена на цената на мазутот 3,5(fuel oil 3,5) PC на FOB MED(Italy) на светската берза плус соодветен додаток кој ги покрива другите трошоци. Доколку дојде до промена на берзанската цена на битуменот истата ќе се промени (зголемување или намалување), а добавувачот треба да достави доказ за промена на берзанската цена на битуменот .

Во текот на 2008 набавени се 512 тони битумен од економски оператор/добавувач во вкупна вредност од 20.339 илјади денари со ДДВ и 283 тони битумен од економски оператор/добавувач во вкупна вредност од 10.653 илјади денари со ДДВ по цена повисока од базната цена од 01.04.2008 а за која не е доставен доказ за промена на берзанска цена согласно условите дефинирани во договорот. “Македонијапат“ не обезбедила ex ante и ex post контроли за проверка и потврдување на веродостојноста и целокупноста на сметководствените документи и почитување на одредбите од договорот. На крајот од известувачкиот период по укажување од Подружницата Велес формирана е комисија за утврдување на фактичката состојба во делот на отстапување на цените од договорот и дали со фактурите се приложени потребните прилози. Изготвени се повеќе записници со кои е констатирано дека во 12 доставени фактури од економски оператор/добавувач, претпријатието е задолжено за повисок износ од дозволениот во висина од 2.568 илјади денари со вклучен ДДВ, а во 22 доставени фактури од економски оператор/добавувач претпријатието е задолжено за повисок износ од дозволениот во висина од 5.522 илјади денари со вклучен ДДВ .

За утврдените состојби на 10.03.2009 доставени се книжни задолженија до добавувачите кои не се согласуваат со доставените задолжувања и воедно “Македонијапат“ дел од наведените обврски ги намалува во текот на 2008 година, а дел во 2009 година.

Непочитувањето на одредбите на договорот, необезбедувањето на пропратните прилози кон фактурата и неукажувањето на добавувачите за реалноста на цената не е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за облигациони односи и има за ефект набавка на производи по повисоки цени.

11.5.5. “Македонијапат“ за вршење на основната дејност склучило договор бр.03-517/10 од 03.11.2005 за набавка на комбинирани градежни

машини со економски оператор/добавувач, на вкупен износ од 18.471 иљади денари . Во 2006 испорачана е опремата при што направен е прием на дел од опремата, а за дел не е направен прием од страна на Македонијапат иако машините од страна на добавувачот се доставени до стовариштето на Македонијапат за што е составен нотарски акт- Записник за потврдување на факти со ОДУ број 104/07 од 16.02.2007 година. За опремата за која не е направен прием а се наоѓа на стовариштето на Македонијапат од страна на економски оператор/добавувач поднесено е тужбено барање со кое бара “Македонијапат“ да го измири остатокот од долгот од 8.277 иљади денари кој произлегува од договорот т.е. од неплатените обврски за испорачаните машини. Како резултат на ова донесена е Пресуда со која тужбеното барање на економскиот оператор/добавувач се уважува а се задолжува “Македонијапат“ да го исплати долгот од 8.227 иљади денари со законска затезна камата од 10.02.2006 година како и да ги надомести трошоците на спорот. На 17.11.2008 склучена е спогодба бр.03-490/01 со која се регулира плаќањето на “Македонијапат“ на главниот долг од 8.277 иљади денари, законска затезна каматата од 10.02.2006 година која изнесува 4.426 иљади денари и судски и адвокатски трошоци 316 иљади денари или вкупно 13.020 иљади денари на седум месечни рати почнувајќи од 01.02.2009 година по претходна уплата од 4.000 иљади денари. Непочитувањето на одредбите од договорот во однос на ненавремено признавање на обврските за испорачаната опрема, прием на опремата и нејзино ставање во употреба предизвикува непотребно одлевање на средства на име камати, други судски трошоци и неискористување на опремата која е во функција на дејноста.

11.5.6. На позицијата материјални средства во подготовка на 31.12.2008 година искажан е износ од 6.913 иљади денари и истиот се однесува за инвестирани средства за изградба на административен објект за пункт (секција) во Струга. За изградба на наведениот објект склучен е Договор број 03-454/2 од 28.06.2002 година, помеѓу “Македонијапат“ и економски оператор/добавувач. Вкупна вредност на Договорот изнесува 7.890 иљади денари со ДДВ, а вредноста на инвестицијата е 6.630 иљади денари, со рок на изведување на работите од 60 работни денови од денот на воведување во работа на објектот. До денот на ревизијата наведениот објект не е предаден во употреба иако изградбата започнала во 2002 година со рок на завршување на работите 60 дена и не е доставен доказ за исполнување на член 12 од Договорот во кој е наведено дека по завршувањето на работите, изведувачот е должен писмено да го извести нарачателот дека објектот е готов за технички преглед а нарачателот да го изврши техничкиот преглед во рок од 15 дена од известувањето. Непочитувањето на одредбите од Договорот, непревземање на мерки за ставање во употреба на објектот, односно технички прием на објектот, предизвикува неекономично и неефикасно користење на средства од претпријатието.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на правните следбеници на претпријатието да превземат активности за пропишување и донесување на

контролни постапки за следење на реализација на одредбите од склучените договори, да ги уредат односите со добавувачите, ги интензивираат активностите за ставање во употреба на градежните објекти и да се утврди одговорноста на инволвираните лица.

11.5.7. Управниот одбор на претпријатието донел Одлука бр.02-562/5 од 04.10.2006 година со која на членовите на Управен одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење се одобрува примање на месечен паричен надоместок во висина од 3 илјади денари за користење на сопствените мобилни телефони. Врз основа на наведената одлука од денот на нејзиното донесување до денот на ревизијата исплатени се средства во бруто износ од 1.585 илјади денари (2006 - 153 илјади денари; 2007 - 591 илјади денари; 2008 - 673 илјади денари и 2009 - 168 илјади денари). Ваквата состојба предизвикува нерационално и неекономично користење на средствата на претпријатието и покрај лошата финансиска состојба во која истото се наоѓа.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на правните следбеници со претпријатието да превземат активности за напуштање на воспоставената пракса и донесат акт со кои правото на користење на телефонски услуги ќе се ограничи во рамките на јавната администрација, по пат на фактурирање на извршените услуги.

### 11.6. Неправилности во ИТ системот, утврдени/идентификувани слабости

11.6.1. Со извршената ревизија на ИТ системот, опслужувањето, раководењето и управувањето со системот (пристап, обработка и заштита на податоците) ревизијата ги констатира следните состојби:

- Не е пропишан и не е донесен стратешки план за развој на ИТ системот, изостануваат пишани процедури за безбедност, формализиран план за акција за спасување на клучните операции во вонредни околности, т.н. “план за континуирано работење на информациониот систем (Disaster Recovery Plan “DRP”)”, како и формална методологија за усовршување на постојните и развој на нови системи.
- Не е обезбедено чување на податоците (back-up) на соодветно место со соодветна оддалеченост согласно стандардите за ИТ безбедност.
- Не е обезбедена централизирана надградба на анти-вирусната заштита, најавувањето во системот за финансиската евиденција е со исти кориснички имиња и без лозинки за сите корисници.
- Софтверската апликација за обработка на податоците во финансиската евиденција овозможува менување на историските податоци запишани во базата на податоци без оставање на соодветен запис (траг) за извршената промена.
- Користење на застарена хардверска опрема наложува користење на постари оперативни системи кои ја доведуваат во прашање конзистентноста и безбедноста на податоците особено кај материјалното работење.

Погоре наведената состојба предизвикува последици по безбедноста на податоците коишто се запишани на соодветните медиуми, менување на историските податоци (записи) и намалување на веродостојноста и релевантноста на податоците.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење и управување со претпријатието да превземат активности за: пропишување на процедури за безбедност, формализиран план за акција, стратешки план за развој на ИТ системот; дефинирање кориснички имиња за најава на апликацијата за финансиско работење, со посебно дефинирани политики за пристап и оневозможување на менување на историските податоци.

11.7. **Ефекти од ревизијата**

11.7.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.2.1.; 11.3.1.; 11.3.2.; 11.3.3. и 11.3.4. истите предизвикуваат: неможност од потврдување на искажаниот државен јавен капитал, неизвршено усогласување на сомнителните и спорните побарувања, и неусогласеност на побарувањата односно евидентирање на побарувања во износ од 9.858 илјади денари за кои не постојат веродостојни документи.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2.; 11.3. и 11.4 финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат“ ц.о. Скопје под 31 Декември 2008 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесеното во точките 11.2. и 11.5. кај Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат“ ц.о. Скопје не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Со воведувањето на новиот Закон за јавните патишта на ден 04.07.2008 година на новоформираната Агенцијата за државни патишта ( поранешен Фонд за магистрални и регионални патишта) и се доделуваат повеќе надлежности и се создаваат услови за слободен пазар за изградба и одржување на патиштата, со што новите надлежности и задачи на “Македонијапат” се драстично променети. За да биде конкурентна на пазарот неопходна е реорганизација на “Македонијапат”. За таа цел Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 12.09.2008 година донела заклучок ЈП “Македонијапат" да се трансформира во две акционерски друштва. Врз основа на заклучокот на Владата, од страна на Собранието на Република Македонија на ден 04.07.2009 година донесен е Закон за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта

“Македонијапат". Трансформацијата на претпријатието се врши со поделба на постојаното претпријатие на два нови субјекти во државна сопственост и тоа:

- Акционерско друштво за одржување на патиштата "Македонијапат - одржување"- Скопје и
- Акционерско друштво за услуги на патиштата "Македонијапат - услуги"- Скопје.

Согласно одредбите од Законот за трговски друштва од страна на Управниот одбор донесена е Одлука за избор на консултантска куќа, избрана е консултантска куќа и постапката за проценка на имотот е во тек. Како наредни активности по извршената проценка во Акциониот план Владата ја задолжува “Македонијапат" да изработи План на поделба на постојното претпријатие на два нови субјекта. Имајќи ги во предвид превземените активности овластениот државен ревизор укажува на потребата од конкретно дефинирање/разграничување на дејностите кои ќе ги извршуваат новите друштва, соодветна распределба на средствата, имотот, вработените, правата и обврските.

15. "Македонијапат" превземала мерки за утврдените наоди во точките: 1; 2; 3; 4; 8; 11 и 12 од препораките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2002 година.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 12.08.2009 година

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 778,569 | 802,953 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | - | - |
| Останати деловни приходи | 5,384 | 13,336 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **783,953** | **816,289** |
| Материјални трошоци | 260,365 | 296,503 |
| Трошоци за бруто плати | 399,869 | 387,631 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 68,427 | 69,834 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 25,414 | 42,949 |
| Резервирања за трошоци и ризици | - | - |
| Останати оперативни трошоци | 174,777 | 177,762 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **928,852** | **974,679** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 2,842 | 4,030 |
| Приходи од учества на вложувања | 27 | 27 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 64,663 | 23,784 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(206,693)** | **(178,117)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(206,693)** | **(178,117)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(206,693)** | **(178,117)** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 65,966 | 186,336 |
| Побарувања по основ на продажба | 143,041 | 186,569 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4,072 | 4,198 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 455 | 0 |
| Други краткорочни побарувања | 405 | 548 |
| Платени трошоци за идните периоди | 409 | 5,620 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4,696 | 4,571 |
| Залихи | 99,175 | 111,336 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 2,077 | 2,483 |
| **Вкупно тековни средства** | **320,296** | **501,661** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 314,713 | 378,099 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 3,876 | 3,876 |
| **Вкупно нетековни средства** | **318,589** | **381,975** |
| **Вкупна актива** | **638,885** | **883,636** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 282,454 | 321,788 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 695 | 881 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4,008 | 3,717 |
| Останати краткорочни обврски | 48,185 | 49,957 |
| Одложени плаќања на трошоци | 3,284 | 341 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **338,626** | **376,684** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 790,455 | 790,455 |
| Ревалоризациона резерва | 7,397 | 7,397 |
| Резерви | 30,252 | 30,252 |
| Пренесена загуба | 321,152 | 143,035 |
| Загуба за финансиска година | 206,693 | 178,117 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **300,259** | **506,952** |
| **Вкупна пасива** | **638,885** | **883,636** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2008 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **790,455** | **30,252** | **7,397** | **(321,152)** | **506,952** |
| Загуба за финансиска година | | | | (206,693) | **(206,693)** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **790,455** | **30,252** | **7,397** | **(527,845)** | **300,259** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2008 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2008/2007** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(206,693)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 68,427 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 182 |
| **Готовински текови од работење** | **(138,084)** |
| Побарувања по основ на продажба | 43,528 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 126 |
| Краткорочни финансиски вложувања | (455) |
| Други краткорочни побарувања | 143 |
| Платени трошоци за идните периоди | 5,211 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (125) |
| Залихи | 12,161 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 406 |
| Обврски спрема добавувачи | (39,334) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (186) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 291 |
| Останати краткорочни обврски | (1,772) |
| Одложени плаќања на трошоци | 2,943 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(115,147)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5,223) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(5,223)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(120,370)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **186,336** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **65,966** |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1106-176/22**

**Дата: 14.10.2009**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија (“Службен весник на РМ” бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ ц.о.Скопје (во понатамошниот текст јавното претпријатие) за 2008 заведени под број 1103-176/1, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

По поднесен приговор на Конечен извештај

1. Приговорот поднесен на **точките 11.2.2., 11.2.3., 11.3.1., 11.3.2., 11.3.3. и 11.5.2.** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ ц.о.Скопје **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ ц.о.Скопје за 2008 година поднесен е приговор заведен под број 1105-176/21 од 22.09.2009 година. Со поднесениот приговор се доставени дополнителни докази со кои не може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, поради што Овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на **точката 11.2.2.,** кој се однесува на утврдената состојба за необезбедување на согласност од Владата на РМ за годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието како за 2008 година, така и за претходните години, како и за недонесување акт за покривање на загубите искажани со работењето на претпријатието за 2007 и 2008 година, **не се прифаќа.** Изнесените наводи во приговорот на Органот на управување претставува

информација за необезбедување на согласност од Владата на РМ и причините зошто не е донесена Одлука за покривање на загубата по годишната сметка за 2007 и 2008 година. Доставените дополнителни документи не ги оспоруваат утврдените состојби од страна на ревизијата, напротив истите ги потврдуваат.

2. Упатениот приговор на **точката 11.2.3.** кој се однесува на утврдената состојба за непревземањето активности за предлагање и изработка на Правилник за организација и систематизација на работните места со број на извршители, **не се прифаќа.** Изнесените наводи во приговорот на Органот на управување претставува образложение за превземените мерки од страна на надлежните органи по дадената препорака на овластениот државен ревизор. Имено донесувањето на соодветен заклучок со кој се задолжуваат стручните служби за постапување по дадената препорака од овластениот државен ревизор не преставува и спроведување на дадената препорака, односно отстранување на утврдените состојби односно донесување на потребните акти.

3. Упатениот приговор на **точката 11.3.1.** кој се однесува на утврдената состојба за непревземените активности за вредносно усогласување на тужените/сомнителните и спорни побарувања **не се прифаќа**. Со приговорот се даваат само информации за причините за утврдената состојба и ефектот кој би настал во финансиските извештаи доколку се обезбеди целосна примена на Правилникот за водење на сметководството/МСС.

4. Упатениот приговор на **точката 11.3.2.** кој се однесува на утврдената состојба за ненавремено превземени активности за наплата/плаќање односно отпишување на застарени побарувања и обврски од поранешни години, **не се прифаќа**. Со доставениот приговор се доставени документи со кои се појаснуваат причините за утврдената состојба и превземените мерки за наплата односно отпишување на дел од обврските од надлежните органи.

5. Упатениот приговор на **точката 11.3.3.** кој се однесува на утврдената состојба за извршени евидентирања на трансакции во трговските книги кои не се поткрепени со веродостојни документи, **не се прифаќа**. Информирање на ревизијата за превземените мерки од страна на надлежните органи, односно превземените активности за информирање на други органи за настанатата состојба не значи и престанување на правата и обврските на Управниот одбор за донесување на содветен акт за вредносно усогласување на побарувањата.

6. Упатениот приговор на **точката 11.5.2.** кој се однесува на констатацијата за недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, **не се прифаќа**, поради тоа што законскиот застапник на субјектот недостави дополнителни докази со приговорот притоа повикувајќи дека останува во целост на изнесените ставови во претходно доставените забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор.

**Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**